Будва, 28.05.2019

20i7 INITIATIVE

Соопштение за јавноста

**Заедничка изјава на членките на „Иницијатива 20i7“**

Челните лица на независните надзорни органи за заштита на личните податоци од Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Словенија, Србија, Хрватска и Црна Гора, го одржаа третото заседание на здружението „Иницијатива 20i7“ во Будва, Црна Гора, од 26 до 28 мај 2019 година. На заседанието е претставена состојбата на усогласеност на националните законодавства со Општата регулатива за заштита на личните податоци (GDPR). Државите членки, се во различни фази на приближување кон европските прописи, соочувајќи се со слични проблеми.

Освен Хрватска, Косово и Србија, останатите членки не ги имаат усвоено прописите за примена и имплементација на европската правна рамка (Општата регулатива за заштита на личните податоци и Полициската директива). Поради тоа, раководителите на независните надзорни органи за заштита на личните податоци се согласни дека државите би требало да настојуваат што побргу да се усвојат законите. Иако само две држави се членки на ЕУ, за сите земји во регионот од посебна важност е хармонизирано законодавство, со цел економски развој и правна сигурност на контролорите, како и заштита на правата на поединците. Сите надзорни органи, како главни корисници на усвоените закони, предупредуваат дека законите треба да бидат јасни (*Lex certa*), ефикасни и усогласени со Општата регулатива за заштита на личните податоци, Полициската директива и модернизираната Конвенција 108+ на Советот на Европа. Законите не смеат да го намалуваат постигнатиот степен на заштита на правата на поединците, а од голема важност се јасно дефинирани процедури.

• бул.„Гоце Делчев“ бр. 18,
П.фах 417, 1000 Скопје
• Тел.: ++ 389 2 3230 635
• www.dzlp.mk • e-mail: info@privacy.mk